Друштво за телекомуникации и услуги
НЕОТЕЛ ДОО извоз-увоз
Бр. 0903-03/1
02.01 2025 год.
СКОПЈЕ



Врз основа на член 24 став (1) алинеа 5, а во врска со член 8 точка 13 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/19, 153/19, 92/2021 и 222/24, член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 16/2015, 179/2017 и 148/2020 ) и член 17 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 179/2017) во постапка на одобрување на Стандарден Претплатнички Договор за пристап и користење на телекомуникациски услуги (телевизија и интернет) на **НЕОТЕЛ ДОО Скопје, Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.15, 1000 Скопје** доставен во Агенцијата за електронски комуникации под наш број Уп1-бр.1605-599 од 12.12.2024 година директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.12.2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

I

**СЕ ОДОБРУВА** Стандарден Претплатнички Договор за пристап и користење на телекомуникациски услуги (телевизија и интернет) на **НЕОТЕЛ ДОО Скопје, Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.15, 1000 Скопје,** доставен во Агенцијата за електронски комуникации со допис број Уп1-бр.1605-599 од 12.12.2024 година

II

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

III

Ова решение е конечно.

## О б р а з л о ж е н и е

Во согласност со член 8 точка 13) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/19, 153/19 и 92/2021 и 222/24), членот 10 од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите

за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 16/2015, 179/2017 и 148/20) и членот 17 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 179/2017), **НЕОТЕЛ ДОО Скопје, Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.15, 1000 Скопје**, до Агенцијата за електронски комуникации, на ден 12.12.2024 година под наш број Уп1-бр.1605-599 достави на одобрување Стандарден Претплатнички Договор за засновање на претплатнички однос за пристап и користење на комуникациски услуги (телевизија и интернет).

Во постапката на одобрување на доставениот Стандарден Претплатнички Договор на **НЕОТЕЛ ДОО Скопје, Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.15, 1000 Скопје**, Агенцијата за електронски комуникации утврди дека истиот содржински е усогласени во целост со одредбите од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации ("Службен весник на Република Македонија" број 16/2015, 179/2017 и 148/20) и Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/19, 153/19, 92/21 и 222/24).

Со оглед на ова, а во согласност со член 24 став (1) алинеа 5, а во врска со член 8 точка 13 и член 107 од Законот за електронските комуникации и член 10 став (2) од Правилникот за видот и содржината на податоците и информациите за општите услови во однос на пристапот и користењето на јавните комуникациски услуги кои ги објавуваат операторите и за видот и содржината на податоците што ќе ги објавува Агенцијата за електронски комуникации, Директорот на Агенцијата за електронски комуникации донесе решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото**.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
УП1- број -1605-599 =2
Скопје, 02. 01. 2024 година =2025

Изработил: Цвета Димитровска
Раководител на одделение: Славица Поповска
Раководител на сектор: Рената Аиновска Талевска
Советник на директор: Горан Колевски

**Директор**
Jeton Akiku

Доставено до: **НЕОТЕЛ ДОО Скопје,** архива

**До:**
**НЕОТЕЛ ДОО Скопје**
**Бул.Кузман Јосифовски Питу бр.15**
**1000Скопје**

**Предмет**: Решение УП2 бр. 1605-599

Изработил:Цвета Димитровска

Раководител на Одделение:Славица Поповска

Раководител на Сектор:Рената Аиновска Талевска

Советник на Директор:Горан Колевски

Со почит,

Директор
Jeton Akiku

Наш број УП2 бр. 1605-599 =2
Скопје, 02. 01. 2025